**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈАНА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

# СТРУЧНО УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА РАСПРЕДЕЛБА НА ОСИГУРЕНИЦИ ВО ПЕНЗИСКИ ФОНД

Скопје, декември 2005 година

# СТРУЧНО УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА РАСПРЕДЕЛБА НА ОСИГУРЕНИЦИ ВО ПЕНЗИСКИ ФОНД

1. Секој работен ден Фондот на пензиското и инвалидското осигурување (во понатамошниот текст: Фондот на ПИОМ) прима податоци за лицата пријавени како вработени тој ден од Агенцијата за вработување. Овие податоци содржат: податоци за вработениот (осигуреникот) и обврзникот кај кој тоа лице е осигуреник, како и податок дали е тоа прво вработување на осигуреникот (податоци се извлечени од М1 пријавата). Податокот дали едно лице е вработено по прв пат се пополнува во М1 пријавата, по изјава на осигуреникот.

Веднаш по пристигнување на податоците, Фондот на ПИОМ, ги внесува во системот.. При добивањето на податоците и внесувањето на истите во базата на Фондот на ПИОМ, податоците поминуваат низ дополнителна контрола (т.е. не се прифаќаат како целосно точни од Агенцијата за вработување без да бидат проверени со веќе постоечките податоци во базата на Фондот на ПИОМ). Ова особено се однесува на податокот дали осигуреникот со тоа вработување прв пат влегува во системот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, бидејќи овој податок е клучен при утврдувањето дали осигуреникот е задолжителен член на вториот столб (поради што треба да биде времено распределен во пензиски фонд преку алгоритам.)

**Пример** :

Кога Фондот на ПИОМ добива податок од Агенцијата за вработување за определен осигуреник дека е вработен по прв пат, за истиот осигуреник проверува дали постои евиденција за претходно вработување во базата на Фондот на ПИОМ (вработување пред 1 јануари 2003) и доколку постои таква евиденција овој осигуреник добива статус на доброволен член во пензиски фонд (т.е. истиот се изоставува од групата на осигуреници кои се распределуваат по алгоритам)

Кога Фондот на ПИОМ добива податок од Агенцијата за вработување за одреден осигуреник дека бил вработен и претходно, за истиот осигуреник проверува дали постои евиденција за претходно вработување (пред 1 јануари 2003) во базата на Фондот на ПИОМ и доколку таква евиденција не постои, врши одредени проверки со цел да се утврди вистинскиот статус на овој осигуреник. (Овие проверки би опфаќале контакт со Агенцијата за вработување со цел да се утврди дали Агенцијата за вработување има податок за осигуреникот за претходно вработување (пред 1 јануари 2003), или евентуално Фондот на ПИОМ контактира со осигуреникот со цел да побара од него доказ за неговата изјава дека има работено и претходно (пред 1 јануари 2003). Ако по соодветните проверки се утврди дека лицето е осигуреник по прв пат, тогаш ова лице станува задолжителен член на вториот столб (согласно тоа влегува во групата за распределување со алгоритам, доколку нема предходно потпишан полноважен договор за членство). Соодветните проверки се вршат во временски рок од 5 работни дена. Доколку по истекот на овој временски рок, нема разрешување на спорната ситуација, за точни се земаат податоците од базата на Фондот на ПИОМ, што во конкретниов случај би значело дека осигуреникот се смета за задолжителен член и влегува во групата за распределба на наредниот датум на распределба.

2. Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) првиот работен ден од секој месец го доставува пондерот на секој пензиски фонд пресметан како соднос на вредноста на средствата на соодветниот пензиски фонд со вкупната вредност на средствата на двата пензиски фонда. Тој пондер, Фондот на ПИОМ го внесува во својот систем и овој пондер се употребува при распределбата на осигурениците во текот на целиот месец. Пондерите се изразуваат во проценти, заокружени на две децимални места.

**Пример** :

На 01.11.2005 МАПАС доставува до Фондот на ПИОМ, податоци :
Пондер на пензиски фонд А : 55,63%
Пондер на пензиски фонд Б : 44,37%

Овие податоци Фондот на ПИОМ ги внесува во својот систем и се употребуваат во периодот од 1.11.2005 до 30.11.2005.

На 01.12.2005 МАПАС доставува нов податок:
Пондер на пензиски фонд А : 54, 01%
Пондер на пензиски фонд Б : 45,99 %

и овие податоци се користат при распределбите во периодот 1.12.2005-31.12.2005.
итн.

3. Нововработените лица (чии податоци се проверени на начин опишан во точка 1) се распределуваат четири пати месечно : на 7ми, 15ти, 23ти секој месец (или наредниот работен ден, доколку било кој од овие датуми е неработен ден) и на последниот работен ден од секој месец соодветно.

**Пример**:

Податоците за осигуреникот пристигнале во Фондот на ПИОМ на 2. 11.2005.
По проверката е утврдено дека овој осигуреник е нововработен и според тоа е задолжителен член на вториот столб. Овој осигуреник влегува во групата на осигуреници кои ќе се распределат на наредниот датум на распределба кој е 07.11. 2005.
Постои период во кој осигуреникот е во базата на Фондот на ПИОМ, но не е член на пензиски фонд и сеуште не е распределен. Доколку пристигне придонес за овој осигуреник, неговите средства се чуваат на нераспределената сметка ( со нова причинска шифра: сеуште нераспределен), се до моментот на распределба.

***РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕКУ АЛГОРИТАМ***

4. На секој датум на распределба, Фондот на ПИОМ врши распределбата на задолжителните (нововработените) осигуреници кои сеуште не се членови. (оние осигуреници кои сеуште немаат потпишано договор за членство, а се обврзани на

тоа согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување).
Распределбата се врши на следниов начин:

**а**) Нека пондерите, кои се користат при распределбата се **s И з.**
т.е. имаме:
Пондер на пензиски фонд А : **s**%
Пондер на пензиски фонд Б: **з**%

Во ваков случај по случаен избор се подредуваат двата пензиски фонда. (системот доделува по еден случаен број на секој од двата пензиски фонда и фондовите се подредуваат почнувајќи од помалиот случаен број). При доделувањето на случајните броеви се користи функцијата **РАНДОМ**

**б**) Нека бројот на нововработени осигуреници е **џ**.

Во ваков случај осигурениците се подредуваат на ист начин како и пензиските фондови т.е. се доделува случаен број на секој осигуреник и осигурениците се подредуваат почнувајќи од осигуреникот на кого е доделен најмал случаен број.

**в**) Бројот на осигуреници кои треба да бидат распределени во секој од пензиските фондови се добива на следниот начин :

- пондерот на првоподредениот пензиски фонд се множи со бројот на осигуреници кои треба да бидат распределени
- добиениот резултат се заокружува до најблискиот цел број (**т**)
- првите **т** лица од листата на осигуреници се распределуваат во првоподредениот пензиски фонд.
- останатите лица од листата ( чиј број е **џ - т** ) се распределуваат во второподредениот пензиски фонд.

**Пример** :

**а**)
Пондер на пензиски фонд А : 65,67%
Пондер на пензиски фонд Б : 34,33%

Системот доделува случаен број : (се користи функцијата **РАНДОМ)**

Пондер на пензиски фонд А : 0.540103
Пондер на пензиски фонд Б : 0.174557

Согласно гореопишаното правило за подредување, листата ќе изгледа вака :

1. Пензиски фонд Б
2. Пензиски фонд А

Со ова ја добивме листата на пензиски фондови, која ќе се употребува при сите распределбите во месецот.

**б**) Бројот на нововработени осигуреници кои треба да се распределат е 10.

Осигурениците се:

Петре Петрески
Митре Митрески
Ристана Ристеска
Јован Јованоски
Коста Костоски
Трајанка Трајковска
Весна Петроска
Михаил Михајлоски
Крсте Крстевски
Стојанка Стојанова

На сите овие осигуреници им се доделува случајно генериран број (се користи функцијата **РАНДОМ)**

| | |
|---|---|
| Петре Петрески | 0.074372 |
| Митре Митрески | 0.511364 |
| Ристана Ристеска | 0.315298 |
| Јован Јованоски | 0.757469 |
| Коста Костоски | 0.316828 |
| Трајанка Трајковска | 0.780086 |
| Весна Петроска | 0.436873 |
| Михаил Михајлоски | 0.740894 |
| Крсте Крстевски | 0.532866 |
| Стојанка Стојанова | 0.488124 |

Согласно правилото опишано во точка 4 потточка б) од оваа инструкција, осигурениците се распоредуваат почнувајќи од осигуреникот со најмалиот доделен број, т.е. се добива следната листа :

1. Петре Петрески
2. Ристана Ристеска
3. Коста Костоски
4. Весна Петроска
5. Стојанка Стојанова
6. Митре Митрески
7. Крсте Крстевски
8. Михаил Михајлоски
9. Јован Јованоски
10. Трајанка Трајковска

**в**) Прв на листата на пензиски фондови е пензискиот фонд Б.

Пондерот на овој фонд е : 34.33%
Множиме : 34,33% џ 10 лица= 3,433

Се заокружува на најблискиот цел број = 3
Првите 3 осигуреници од листата на нововработени осигуреници се распределуваат во пензискиот фонд Б. Тоа се осигурениците :

Петре Петрески
Ристана Ристеска
Коста Костоски,

Останатите 7 осигуреници од листата на осигуреници се распределуваат во пензискиот фонд А. Тоа се осигурениците :

Весна Петроска
Стојанка Стојанова
Митре Митрески
Крсте Крстевски
Михаил Михајлоски
Јован Јованоски
Трајанка Трајковска

***Забелешка*** **:**

5. Има две преодни категории на осигуреници кои задолжително влегуваат во вториот столб :

а) прв пат вработени во периодот меѓу 1 јануари 2003 и датумот на издавање на дозволите за основање на друштва.

Оваа група на осигуреници е должна да се зачлени заклучно со денот на почеток на уплата на придонесите во вториот столб. (датумот кој го определува Владата на РМ)

Распределбата на овие осигуреници се изврши на денот на почеток на уплата на придонесите во вториот столб, т.е. на крајот на периодот во кој тие имаат законско право да изберат пензиски фонд.

б) прв пат вработени во периодот меѓу датумот на издавање на дозволите за основање на друштва за управување со пензиски фондови и датумот на почеток на уплата на придонесите во вториот столб.

Овие осигуреници се должни да изберат пензиски фонд не подоцна од 3 месеци од датумот на почеток на уплата на придонес во вториот столб.

Распределбата на осигурениците од оваа категорија кои нема да имаат потпишан договор за членство до датумот на почеток на уплата на придонесот , ќе се изврши на првиот датум на распределба кој следи по 11 дена по датумот на почеток на уплата на придонесот.

Разликата во двете предходно опишани категории е само во тоа што, осигурениците од првата категорија ќе мораат да потпишат договор за членство со друштвото за управување со пензиски фондови во кој се распределени, а осигурениците од втората

категорија ќе имаат уште 3 месеци право да потпишат договор за членство со друштвото за управување со пензиски фондови кој самите ќе го изберат.

**Пример:**
*Датум на издавање на дозвола за основање на друштво :* 15.03.2005
*Датум на почеток на маркетинг* : 15.06.2005
*Датум на уплата на придонес во втор столб ( датум на кој системот е ефективен)* : 15.09.2005

**Преодни категории**:

*Прва категорија осигуреници*:
прв пат вработени во периодот меѓу 1 јануари 2003 и 15.03.2005

*Втора категорија осигуреници*:
прв пат вработени во периодот меѓу 15.03.2005 и 15.09.2005

**Пример:**
1. Елена е вработена по прв пат на 1.1. 2005.
   Значи, спаѓа во првата преодна категорија.

Елена може да избере пензиски фонд во периодот од 15.06.2005 до 14.09.2005.

Доколку до 15.09.2005 Елена нема потпишано договор за членство со ниту еден од пензиските фондови, Елена ќе биде распределена во еден од пензиските фондови на првиот датум на рапределба што следува 11 работни дена по 15.09.2005, а тоа е 30. 09. 2005 (последниот датум на кој Елена може да потпише договор за членство во пензиски фонд е 14.09.2005. Од тој датум се пресметуваат 11 работни дена, вклучувајќи го и 14.09.2005. Периодот од 11 работни дена истекува на 28.09.2005. Оттука,следен датум на распределба е последниот работен ден во месецот, т.е. 30.09.2005), со алгоритмот опишан погоре. Нека е тоа пензискиот фонд А. Во овој случај, Елена станува член на пензискиот фонд А и нема право на премин во пензискиот фонд Б првите 2 години. Во овој момент пензиски фонд А воспоставува индивидуална сметка на име на Елена.

2. Зоран вработен по прв пат 1.4.2005.
   Значи, Зоран спаѓа во втора категорија.

Зоран може да избере фонд во периодот 15.06 2005 до 15.12.2005 ( 15.09.2005 + 3 месеци).

Доколку до 14.09.2005 Зоран нема потпишано договор за членство со ниту еден од пензиските фондови, Зоран ќе биде распределен во еден од пензиските фондови на првиот датум на рапределба што следува 11 работни дена по 15.09.2005, а тоа е 30. 09. 2005, со алгоритмот опишан погоре. Нека е тоа пензискиот фонд А Значи на 30.09.2005 година, пензискиот фонд А ќе отвори индивидуална под-сметка на посебната сметка на негово име, и на таа сметка ќе се евидентираат средствата на Зоран. Во овој случај, Зоран има право уште 3 месеци да потпише договор за

членство со било кој од двата пензиски фонда. Од 15.09.2005 до 15 12.2005 Зоран може да потпише договор со фондот А, но и со фондот Б. Доколку Зоран потпише договор за членство со фондот во кој бил распределен (фондот А), тогаш се префрлаат средствата од посебната на индивидуалната сметка отворена на име на Зоран.. Доколку Зоран потпише договор со другиот фонд ( фондот Б), тогаш пензискиот фонд А на пензискиот фонд Б треба да му ги префрли и и евиденцијата и средствата кои Зоран ги стекнал.

Доколку до 15.12.2004 Зоран не потпише договор за членство со ниту еден од пензиските фондови, тој станува член на пензискиот фонд во кој бил распределен (фондот А) и не може да премине во другиот фонд (фондот Б) во законски дадениот рок од 2 години. Во овој момент пензиски фонд А воспоставува индивидуална сметка на име на Зоран.

Бр. 02-684/11
5 јануари 2006 година
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
Ана Павловска Данева, с.р.